Бр./Nr 12-331/9
15-11-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-тата седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-331/1 од 23.01.2024 година, оформен по доставена пријава со наводи кои се однесуваат на спор во рамки на заедница на сопственици на станови и деловни простории, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај се водат постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-331/1 од 23.01.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител – претседателството и претседателот на Заедницата на сопственици на станови и деловни простории на /// бр./// ///, ///, на ден 23.01.2024 година, поднесена е пријава со наводи кои се однесуваат на спор во рамки на Заедницата, и оформен е предмет број 12-331/1 од 23.01.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на спор во рамки на заедницата на сопственици на станови и деловни простории на /// бр./// ///, од кој произлегло сомневање за злоупотреба на службената положба од страна на ///, поранешен министер за ///, а во моментот на поднесувањето на пријавата - член на ///, сторена со наводно вршење на влијание врз службени лица од Општина ///.

Во пријавата подносителот не конкретизирал дејствија, не посочил конкретни службени лица и задачи кои истите ги извршувале, не упатил на конкретни постапки пред Општина /// и не ги опишал околностите на кои ги основа изнесените наводи, но посочил дека до Основното јавно обвинителство /// (ОЈО ///) и до Министерството за внатрешни работи /// (МВР ///) има доставено пријава поврзана со спорот во рамки на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

посочената Заедница на станари, со кој го поврзува изразеното сомневање во пријавата доставена до ДКСК.

Со цел утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство /// (ОЈО ///) и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени по упатените барања, утврдена е следната фактичка состојба:
ОЈО /// има оформено предмет во врска со пријава од Куќниот совет на станари на зграда на ул./// бр./// ///, против /// (поранешен министер) и против неговата сопруга, за сторено кривично дело Бесправно градење од членот 244-а од Кривичниот законик, во која било наведено дека истите бесправно изградиле објект – поткровје над нивниот стан во зградата на наведената адреса. Во рамки на оформениот предмет се преземени дејствија во насока на прибирање на докази, по што се дадени и насоки за преземање на дополнителни дејствија, поради што сè уште не е донесена јавнообвинителска одлука.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај се водат постапки пред други надлежни органи, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Т.Д., претседател на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата